# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6487 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
(2) *Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
(2) *При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

**6. Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Овој, десетти по ред извештај, се однесува на периодот од 1 до 9 декември, односно на вториот деветдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Во овој период, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг согласно Методологијата. Телевизијата емитува кратки и фактографски вести од 5-6 минути поврзани со најактуелните случувања во земјава.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Интервју</u>*

На 1 и на 7 декември 2016 година, беше емитувано репризното издание на емисијата „**Интервју**“ со водителката Марија Бразда. Гостин беше Димитар Апасиев – носител на листа во изборната единица 1 од редовите на Левица. Се разговараше за програмата, за изборите, за очекувањата на исходот од истите и за политичката состојба.

На 1 декември 2016 година, со почеток во 15 часот и 52 минути, се емитуваше премиерното издание на емисијата „**Интервју**“ со Марија Бразда. Темата беше Изборни претставувања, а гостуваше: Љубе Бошковски – претседател на Обединети за Македонија – Коалиција ВМРО за Македонија. Бошкоски беше запрашан што се случи во 2001 година, кога тој беше министер од ВМРО-ДПМНЕ. Се зборуваше и за изборната програма и за настапот на парламентарните избори. Репризно издание имаше истиот ден, како и на 2 и на 8 декември.

На 2 декември 2016 година, со почеток во 15 часот и 52 минути, се емитуваше премиерното издание на емисијата „**Интервју**“ со Марија Бразда на темата Изборни претставувања, а гостин беше: Стефан Богоев – СДСМ – кандидат за пратеник во ИЕ 1, претседател на СДММ. Богоев очекува фер и демократски избори и смета дека има услови за фер и демократски избори и ја претстави изборната програма. Емисијата е репризирана истиот ден во 21 часот, а потоа и на 3 и на 9 декември 2016.

На 3 декември 2016 година, со почеток во 17 часот и 28 минути, се емитуваше премиерното издание на емисијата „**Интервју**“ со Марија Бразда на темата Изборно претставување. Гостин беше: Борис Змејковси – ВМРО-ДПМНЕ дел од кандидатска листа во ИЕ 1. Зборуваа за основањето на ВМРО-ДПМНЕ и прогнозите за исходот од изборите. Во вечерните часови се емитуваа две репризни иданија на емисијата и една наредниот ден.

На 4 декември 2016 година, со почеток во 17 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата „**Интервју**“ со Марија Бразда на веќе познатата тема Изборно претставување. Гостинка во емисијата беше Елизабета Канческа Милевска од ВМРО-ДПМНЕ, дел од кандидатска листа во ИЕ 1. Таа зборуваше за политиката на ВМРО-ДПМНЕ и направи споредба со таа на СДСМ. Емисијата се репризираше истиот ден, и двапати на 5 декември.

На 5 декември 2016 година, со почеток во 15 часот и 18 минути, се емитуваше репризно издание на емисијата „**Интервју**" со Марија Бразда. Гостин беше Стојанче Ангелов – Достоинство и носител на листа во изборната единица 3 од редовите на „ВМРО за Македонија." Се разговараше за програмата, за изборите, за очекувањата од истите и за политичката состојба. Ангелов се осврна на програмата, но и на правата на припадниците на безбедносните сили кои ги загубија животите во конфликтот во 2001 година, и на оние што останале инвалиди. Стана збор и за настанот во Диво Насеље во Куманово.

На 5 декември 2016 година, со почеток во 19 часот и 31 минута, се емитуваше премиерно издание на емисијата „**Интервју**" со Марија Бразда и темата Изборно претставување. Гостин беше: Стефче Јакимовски од Гром – дел од Коалицијата за подобра Македонија. За програмата на Гром рече дека е компатибилна со таа на ВМРО-ДПМНЕ, и ја претстави. Емисијата е репризирана истиот ден и во два наврати на 6 декември.

На 6 декември 2016 година, со почеток во 10 часот и 40 минути, се емитуваше репризно издание на емисијата „**Интервју**" со водителката Марија Бразда. Гостин беше Павле Трајанов – претседател на Демократскиот сојуз и носител на листа во изборната единица 1 од редовите на Коалицијата за промени и правда. Се разговараше за програмата, за изборите, за очекувањата и за политичката состојба. Истиот ден се емитуваше реприза на емисијата, како и две реприи наредниот ден.

Истиот ден, односно 6 декември 2016 година, со почеток во 15 часот и 25 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „**Интервју**" со водителката Марија Бразда во Интервју на тема Изборно претставување, гостин беше: Љупчо Николовски – СДСМ – носител во 3 ИЕ. Репризирана е истиот ден и двапати наредниот ден.

На 7 декември 2016 година, со почеток во 17 часот и 20 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „**Интервју**" со водителката Марија Бразда, гостин беше: Оливер Спасовски – СДСМ – носител во ИЕ 2. Македонија мора да се врати на демократските принципи, рече тој, а изборната кампања е позитивистичка од СДСМ. Емисијата е репризирана подоцна истиот ден и на 8 декември, наредниот ден во два термина.

На 8 декември 2016 година, со почеток во 17 часот и 25 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „**Интервју**" со водителката Марија Бразда, во изборното претставување свое излагање имаше кандидатот за пратеник во ИЕ 2 од Коалицијата За подобра Македонија - Амди Бајрам – Сојуз на Ромите, кој ја претстави програмата на Сојузот на Ромите и на Коалицијата. Во емисијата се зборуваше и за изборната кампања. Репризирана е трипати, истиот ден и двапати наредниот ден на 9 декември 2016 година.

***Сектор за програмски работи***